МЕЃУРЕСОРСКО ТЕЛО ЗА КООРДИНАЦИЈА

НА АКТИВНОСТИТЕ ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА

# Д Е Л О В Н И К

# ЗА РАБОТА НА МЕЃУРЕСОРСКОТО ТЕЛО ЗА КООРДИНАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА

Врз основа на членот 5 од Одлуката на Владата на Република Северна Македонија бр. 41-3667/8 од 04.07.2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 145/23), Меѓуресорското тело за координација на активностите против корупцијата, на својата прва седница, одржана на ден 16.11.2023 година, донесе

# ДЕЛОВНИК
# ЗА РАБОТА НА МЕЃУРЕСОРСКОТО ТЕЛО ЗА КООРДИНАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Предмет

### Член 1

Со овој деловник се уредува начинот на работа на Меѓуресорското тело за координација на активностите против корупцијата (во натамошниот текст: Меѓуресорско тело), формирано со Одлука бр. 41-3667/8 на Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 145/23) (во натамошниот текст: Одлука).

Составот и надлежностите се утврдени во Одлуката со која се формира Меѓуресорското тело.

### Член 2

Меѓуресорското тело се формира заради јакнење на меѓуинституционалната соработка и координација на активностите за:

- креирање политики за унапредување на превенцијата и борбата против корупцијата, вклучително и за обезбедување техничка поддршка;

- спроведување на мерки или активности предвидени со национални или меѓународни стратешки или програмски документи од областа Антикорупција;

- усогласено собирање и обработка на податоци за следење на состојбите со корупцијата и

- обезбедување придонеси за подготовка на извештаи и други материјали за известување на меѓународни организации и тела во врска со имплементација на препораки и стандарди од областа Антикорупција.

## Состав на Меѓуресорското тело

### Член 3

Составот на Меѓуресорското тело е определен во членот 3 од Одлуката.

Меѓуресорското тело е составено од претседавач, негов заменик, 17 членови и нивни заменици.

Претседавач на Меѓуресорското тело е заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење.

Во отсуство на претседавачот, со Меѓуресорското тело претседава лице овластено од претседателот на Владата на Република Северна Македонија од редот на членовите во состав на Меѓуресорското тело.

За член и заменик член на Меѓуресорското тело се определува по еден претставник од

- Јавно обвинителство на Република Северна Македонија,
- Судски совет на Република Северна Македонија,
- Совет на јавните обвинители на Република Северна Македонија,
- Државна комисија за спречување на корупцијата,
- Државен завод за ревизија,
- Влада на Република Северна Македонија - Кабинет на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за политики на добро владеење,
- Министерство за внатрешни работи,
- Министерство за правда,
- Министерство за финансии,
- Министерство за информатичко општество и администрација,
- Министерство за финансии - Управа за финансиска полиција,
- Министерство за финансии - Царинска управа,
- Министерство за финансии - Управа за финансиско разузнавање,
- Министерство за финансии,- Биро за јавни набавки,
- Агенција за управување со одземен имот,
- Секретаријат за европски прашања и

- Делегација на Република Северна Македонија во Совет на Европа - Група на држави против корупција (ГРЕКО).

**Персонален состав на Меѓуресорското тело**

**Член 4**

Министерот за правда, врз основа на членот 4 од Одлуката, со решение го определува персоналниот состав на Меѓуресорското тело.

Секретарот на Меѓуресорското тело и неговиот заменик се определува од редот на вработените во Министерството за правда.

## II. ДЕЛОКРУГ НА МЕЃУРЕСОРСКОТО ТЕЛО

**Член 5**

Меѓуресорското тело разгледува прашања, обезбедува податоци и информации, донесува заклучоци, дава мислења, иницијативи, предлози, препораки и насоки, иницира и предлага политики и подобрување на капацитетите на институциите задолжени за корупција и организиран криминал, и обезбедува соработка и координација на истите. Меѓуресорското тело има обврска да презема активности за:

- следење и анализа на извештаи од релевантни домашни и меѓународни организации и институции од областа на корупцијата,

- спроведување на мерки или активности предвидени со национални или меѓународни стратешки или програмски документи од областа Антикорупција;

- иницира и предлага политики за унапредување на превенцијата и борбата против корупцијата,

- презема иницијативи и активности за зајакнување на капацитетите на институциите задолжени за корупција и организиран криминал.

Меѓуресорското тело презема и активности за јакнење на меѓуинституционалната соработка и координација заради:

- усогласено собирање и обработка на податоци за следење на состојбите со корупцијата и

- обезбедување придонеси за подготовка на извештаи и други материјали за известување на меѓународни организации и тела во врска со имплементација на препораки и стандарди од областа Антикорупција.

**Член 6**

Актите и службената коресподенција на Меѓуресорското тело се заверуваат во архивата на Владата на Република Северна Македонија, со печат на Владата.

## III. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ПРЕТСЕДАВАЧОТ И НЕГОВИОТ ЗАМЕНИК, ЧЛЕНОВИТЕ И НИВНИТЕ ЗАМЕНИЦИ, СЕКРЕТАРОТ И НЕГОВИОТ ЗАМЕНИКОТ

**Претседавач на Меѓуресорското тело**

**Член 7**

Претседавачот на Меѓуресорското тело:

- го претставува и претседава со работата на Меѓуресорското тело,
- свикува седници на Меѓуресорското тело и претседава со седниците,
- презема активности во насока на овозможување на навремено постапување и спроведување на координацијата на активностите од членот 5 од овој Деловник,
- предлага дневен ред, учествува во дискусиите, ги формулира предлозите дадени на седниците и заклучоците по одделни точки од дневниот ред и учествува во одлучувањето на Меѓуресорското тело,
- на секретарот на Меѓуресорското тело по пат на електронска коресподенција му дава насоки за организација на свикана седница на Меѓуресорското тело и испраќање односно споделување на материјалите за Меѓуресорското тело,
- ги потпишува актите и заклучоците што ги донесува Меѓуресорското тело и се грижи за нивно спроведување,
- го следи спроведувањето на заклучоците донесени од Меѓуресорското тело и презема мерки во случај на нивно неспроведување, во рамки на делокругот на работа,
- подготвува извештај за работата на Меѓуресорското тело, а по усвојувањето на извештајот на седница на Меѓуресорското тело, истиот и го поднесува до Владата на Република Северна Македонија.

**Заменик на претседавачот**
**Член 8**

Во случај на спреченост за присуство на седница, претседавачот најмалку 10 работни дена пред одржување на седницата го известува Кабинетот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија за спреченоста да ја води седницата на Меѓуресорското тело.

Претседателот на Владата, најмалку седум работни дена пред одржување на седницата го определува заменикот на претседавачот на Меѓуресорското тело, од редовите на членовите на Меѓуресорското тело.

Доколку седницата не била закажана, заменикот на претседавачот ја закажува седницата најмалку пет работни дена пред одржување на седницата.

Во отсуство на претседавачот, заменикот на претседавачот во целост ги извршува работите во својство на претседавач, согласно членот 7 од овој деловник.

**Права и обврски на членовите на Меѓуресорското тело**

**Член 9**

Членовите на Меѓуресорското тело:

- учествуваат во работата и одлучувањето по прашања што се ставени на дневен ред на седницата и делокругот на работа на Меѓуресорското тело,
- предложуваат точки на дневен ред,
- даваат иницијативи, предлози, и мислења по прашања од делокругот на работа на Меѓуресорското тело,
- доставуваат известувања и го запознаваат Меѓуресорското тело со ставовите на институцијата што ја преставуваат, за прашања од делокругот на работа на Меѓуресорското тело,
- одговорно, законито и совесно ги извршуваат работите од делокругот на работа на Меѓуресорското тело,
- во рамки на надлежностите на институциите кои ги претставуваат и своите овластувања, преземаат мерки за навремена реализација на заклучоците и олеснета координација на меѓуинституционалната соработка,

- навремено доставуваат известување до сите членови на Меѓуресорското тело за преземените активности за реализација на заклучоците од Меѓуресорското тело,
- придонесуваат со обезбедување и доставување информации и статистички податоци релевантни за креирање политики и преземање активности и мерки во насока на активна превенција и ефикасна борба против корупцијата,
- учествуваат во подготовка на извештајот за работата на Меѓуресорското тело.

Членовите до секретарот на Меѓуресорското тело навремено доставуваат известување за своето присуство односно отсуство и спреченост за свое присуство на закажана седница на Меѓуресорското тело.

Во случај на спреченост да присуствуваат на седница на Меѓуресорското тело, членовите го известуваат секретарот за присуството на нивниот заменик од институцијата која ја претставуваат, најмалку пет работни дена пред одржување на седницата.

Членовите ги запознаваат, им ги споделуваат сите материјали и им даваат насоки на нивните заменици, со цел замениците да бидат подготвени за излагање за институцијата која ја претставуваат и активно да учествуваат на седницата на која ќе присуствуваат.

**Заменици на членови**

**Член 10**

Во случај на отсуство или спреченост, членот на Меѓуресорското тело го заменува неговиот заменик определен со решението донесено од министерот за правда.

Во отсуство на членот на Меѓуресорското тело, заменикот на членот постапува во својство на член согласно членот 9 од овој Деловник.

За седницата на која присуствувал, заменикот го известува членот на Меѓуресорското тело, особено за обврските кои произлегуваат за институцијата која ја претставуваат.

### Секретар и заменик на секретар

### Член 11

Секретарот одговорно, совесно и законито ги врши административно-техничките работи на Меѓуресорското тело:

- се грижи за подготвување и организирање на седниците на Меѓуресорското тело,
- по насоки на претседавачот, подготвува предлог дневен ред за седниците и го доставува по електронски пат до членовите на Меѓуресорското тело, најдоцна пет работни дена пред одржувањето на седницата,
- по електронски пат доставува покана за седница до членовите на Меѓуресорското тело како и до други поканети лица согласно овој деловник, најмалку пет работни дена пред одржувањето на седницата,
- води евиденција на присуството на седниците на Меѓуресорското тело,
- применените материјали за Меѓуресорското тело ги доставува до членовите на Меѓуресорското тело, а по добиени насоки од претседавачот и до други лица,
- составува записник од одржаната седница на Меѓуресорското тело и истиот го доставува до претседавачот, во рок од 7 работни дена од одржувањето на седницата,
- по барање од претседавачот, дава придонес за подготовка на извештајот за работата на Меѓуресорското тело.

Заменикот на секретарот му помага на секретарот во вршењето на административно-техничките работи на Меѓуресорското тело.

Во случај на отсуство на секретарот, заменикот на секретарот го заменува и во целост ги презема административно-техничките работи на Меѓуресорското тело и ги врши согласно овој деловник.

## IV. НАЧИН НА РАБОТА НА МЕЃУРЕСОРСКОТО ТЕЛО

### Јавност на работата на меѓуресорското тело

### Член 12

Седниците на Меѓуресорското тело по правило се јавни, освен во случај кога се разгледува материјал за ограничена употреба, материјали поврзани со домашни или меѓународни извештаи кои согласно правилата на организацијата односно субјектот кој ги подготвил не се во фаза да бидат достапни за јавност, како и други материјали

за кои субјектот кој ги подготвил бара да не се објавуваат и споделуваат, се затворени за јавноста.

За одржаните седници на Меѓуресорското тело, на веб страницата на Владата се објавуваат кратки соопштенија преку кои се запознава јавноста со работата на Меѓуресорското тело.

На јавните седници во својство на набљудувачи може да присуствуваат претставниците на граѓански организации.

Најмалку една седница во текот на календарската година, Меѓуресорското тело посветува на соработката со граѓанските организации.

На седницата посветена на соработката со граѓанските организации, Меѓуресорското тело, разгледува предлози, мислењата и ставови презентирани од заинтересираните граѓански организации, по однос на состојбите со корупцијата во државата, спроведувањето на секторската проценка на ризици односно мерките за намалување на ризиците за појава на корупција, имплементацијата на стратешките односно програмските документи од областа, како и можностите за унапредување на соработката и за активна вклученост на граѓанските организации во мерките за превенција и борба против корупцијата.

За учество на заинтересираните граѓански организации на седницата од ставот 4 на овој член, претседавачот на Меѓуресорското тело упатува покана до Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата, најмалку 30 дена пред денот на одржување на седницата.

**Седница на Меѓуресорското тело**

**Член 13**

За прашањата од својот делокруг на работа утврден со Одлуката, Меѓуресорското тело одржува седници, по потреба, но најмалку четири пати во годината.

На седницата се разгледуваат редовни точки и други точки од дневниот ред, предложени од институциите.

Редовни точки за разгледување на седниците се:

- Имплементација на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судир на интереси, со акцискиот план за нејзината имплементација,

- Секторска проценка на ризици и преземени мерки и активности за намалување на ризиците за појава на корупција во ранливи сектори,

- Усогласување со препораки од оценски мисии за организиран криминал и корупција, извештајот за скрининг и други извештаи за напредокот на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската унија

- Усогласување со препораки добиени со извештаи од евалуации односно прегледи спроведени од Совет на Европа - ГРЕКО, експертските тимови за преглед на имплементацијата на Конвенцијата на Обединети нации против корупцијата и експертите на ОЕЦД за преглед на конкурентноста во делот на димензијата Анти-корупциска политика,

- Разгледување на конечни ревизорски извештаи од Државниот завод за ревизија во кои се утврдени состојби на незаконско користење на средства,

- Следење на имплементација на тековни проекти и потреби за унапредување на капацитетите на институциите вклучени во превенција и борба против корупцијата,

- Со цел усогласено собирање и обработка на податоци за следење на состојбите со корупцијата и постапувањето по предметите за случаите на корупција, перење пари и организиран криминал, Меѓуресорското тело особено придонесува за ефикасна координација во организирањето и методолошкото насочување на процесот на собирање на податоците од надлежност на различните институции во единствена веродостојна база на податоци и нивна обработка за подготовка на извештаите со статистички податоци и согледувања кои се доставуваат каде е потребно за заради анализа, креирање на политики врз основа на податоци и докази и известување за напредокот во областа Антикорупција.

**Свикување на седница**

**Член 14**

За поефикасно координирање и спроведување на активностите на Меѓуресорското тело, комуникацијата се одвива по електронски пат во заедничка група на службени електронски адреси на претседавачот, неговиот заменик, членовите и нивните заменици, секретарот и неговиот заменик на Меѓуресорското тело.

Седниците ги свикува и со нив претседава претседавачот на Меѓуресорското тело, односно неговиот заменик во случај на спреченост или отсуство на претседавачот, најмалку 10 работни дена пред одржување на седницата.

Седница на Меѓуресорското тело може да се свика и по барање на член на Меѓуресорското тело.

Предлозите за дневен ред се доставуваат најдоцна пет работни дена пред одржување на седницата.

Поканата и материјалите за седницата со предлог дневен ред секретарот на Меѓуресорското тело или неговиот заменик електронски ги доставува до заедничката група од ставот 1 на овој член, најмалку 5 работни дена пред одржување на седницата.

Секој член ги доставува своите материјали по електронски пат истовремено до заедничката група од ставот 1 на овој член.

Сите материјали од Меѓуресорското тело истовремено се доставуваат и споделуваат во заедничката група од ставот 1 на овој член, со цел истовремено информирање.

**Тек и гласање на седницата**

**Член 15**

Седницата ја отвора претседавачот на Меѓуресорското тело и по евиденцијата на присуство на членовите на Меѓуресорското тело, се пристапува кон утврдување на дневен ред и усвојување на записникот од претходната седница.

Меѓуресорското тело работи и одлучува на седница ако присуствуваат мнозинство од членовите на Меѓуресорското тело.

Меѓуресорското тело предлозите и заклучоците и одлуките ги донесува со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Меѓуресорското тело.

Во текот на седницата, претседавачот или член на Меѓуресорското тело може да утврди дека недостасуваат битни податоци или информации за да биде поднесен предлог или за да биде донесен заклучок или за да се даде мислење, иницијатива, препораки или насоки од делокругот на Меѓуресорското тело.

Доколку за потребните податоци и информации од ставот 5 на овој член е неопходно да се прибават дополнителни информации, претседавачот на Меѓуресорското тело ја прекинува седницата до доставување на истите и определува рок за продолжување на седницата.

На седницата на Меѓуресорското тело може да се поканат да присуствуваат претставници од академската и стручна јавност, претставници на граѓански организации и други заинтересирани лица заради разрешување на дилеми и размена на искуства и информации за одредено прашање.

**Заклучок од седница**

**Член 16**

По завршување на дискусиите по секоја од точките од дневниот ред, Меѓуресорското тело донесува заклучоци, со мнозинство гласови од вкупниот број членови на седницата.

Заклучоците од ставот 1 на овој член ги формулира претседавачот на Меѓуресорското тело.

**Записник од седница**

**Член 17**

За текот на седницата на Меѓуресорското тело секретарот води записник.

На првата наредна седница Меѓуресорското тело го разгледува и усвојува записникот.

Членовите имаат право да дадат забелешки на записникот, доколку сметаат дека не се добро составени или интерпретирани нивните ставови или доколку сакаат да ги дополнат записите од дискусиите на седницата.

Усвоениот записник го потпишуваат претседавачот и секретарот и истиот се архивира.

**Почитување на рокови за постапување**

**Член 18**

Претседавачот, неговиот заменик, членовите и нивните заменици, секретарот и неговиот заменик на Меѓуресорското тело постапуваат во зададените рокови од заклучоците на Меѓуресорското тело.

Заради навремено постапување по заклучоците, мислењата, насоките и препораките на Меѓуресорското тело, со мнозинство гласови од вкупниот број на членови Меѓуресорското тело може да донесе заклучок за:

- поднесување информација до Владата со предлог заклучоци за соодветно задолжување, укажување или препорака што се упатува на надлежната институција и

- барање за измена на персоналниот состав на Меѓуресорското тело, со образложение за причините.

Барањето од ставот 2 на овој член, во рок определен со заклучок на Меѓуресорското тело, претседавачот го доставува до министерот за правда, кој бара номинација на нов член кој ја претставува институцијата која учествува во Меѓуресорското тело, со образложение за причините.

За причините поради кои е поднесено барање од ставот 2 на овој член, Министерството за правда истовремено со барањето за номинација ја известува и институцијата која врши надзор над работењето на институцијата од која се бара номинација на нов член.

Информацијата од ставот 2 на овој член, се подготвува во рамки на Меѓуресорското тело, а претседавачот ја поднесува до Владата во рок определен со заклучок на Меѓуресорското тело.

Доколку надлежната институција или орган не преземат мерки согласно роковите и заклучоците на Меѓуресорското тело и за тоа биде нанесена штета на процесот на преговори и други процеси, Меѓуресорското тело во посебен извештај до Владата доставува барање за преземање на соодветни мерки од надлежни органи во однос на работата на институцијата, имајќи ги предвид независноста и самостојноста на институциите и државните органи.

Доколку секретарот и неговиот заменик не постапуваат по насоките и во роковите зададени од претседавачот или неговиот заменик согласно овој деловник, претседавачот на Меѓуресорското тело поднесува предлог до министерот за правда за да биде определено друго лице за секретар или негов заменик, со известување дека не ги извршувал своите права и должности во рамки на Меѓуресорското тело.

### Информирање на Владата на Република Северна Македонија

### Член 20

Меѓуресорското тело за својата работа и преземените мерки и активности за областа антикорупција редовно ја информира Владата на Република Северна Македонија, со поднесување извештај најмалку еднаш годишно.

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 21**

Изменувањето и дополнувањето на овој Деловник се врши на начин и постапка според кои се донесува.

**Член 22**

Овој деловник влегува во сила со денот на негово донесување.

Бр. 02-12099/1
20-11-2023
Скопје

Претседавач на Меѓуресорското тело за координација
на активностите против корупцијата
Славица Грковска